## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА КЛИЕНТИТЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВИНЕР ЛАЈФ – ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ

### 1. Идентитет и контакт на податоците на Контролорот:

**Назив:**Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје

**Седиште:** ул. 11 Октомври бр.25 кат 8

**Електронска адреса:** life@winnerlife.mk

### 2. Контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци:

**Електронска адреса:** zoran.zdravkovski@winnerlife.mk

**Телефон:** +389 78 488944

### 3. Која е нашата визија?

Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје (ВИНЕР ЛАЈФ) како контролор на лични податоци, целосно ја заслужува Вашата доверба бидејќи посветува големо внимание на почитување на приватноста и заштитата на личните податоци. Во своето работење, ВИНЕР ЛАЈФ ги имплементира меѓународните и националните стандарди за заштита на личните податоци и гарантира дека ќе ги заштитува Вашите лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: ЗЗЛП), подзаконските акти на Агенцијата за заштита на личните податоци и интерните акти.

### 4. Кои се начелата на заштита на лични податоци?

Вработените и ангажираните лица кои вршат обработка на лични податоци во ВИНЕР ЛАЈФ, имаат обврска да ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци, и тоа:

**Законит, фер и транспарентен начин на обработка на личните податоци**
Личните податоци се собираат и обработуваат исклучиво за целите дефинирани во релевантен закон, договор или согласност: Закон за супервизија на осигурување, Закон за облигационите односи, договор за осигурување на живот (полиса), како и согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг.

**Ограничување на целта на обработката на личните податоци**
Личните податоци кои се обработуваат за горенаведените цели не се предмет на натамошна обработка, за цели различни од првично дефинираните. Секоја потреба за нивно натамошно обработување ќе биде предмет на анализа и проценка на влијанието на обработката врз приватноста на клиентите на кои тие лични податоци се однесуваат.

**Ограничување на обемот на личните податоци**

Обработката на личните податоци е ограничена само на оние податоци кои се неопходни за да се исполни целта на обработката. Обемот на личните податоци кои се потребни за исполнување на целите е дефиниран со законите согласно кои личните податоци се обработуваат, договорите, интерните акти (политиките и процедурите) на ВИНЕР ЛАЈФ, како и во рамки на согласноста дадена од страна на клиентите за обработка на нивните лични податоци за цели на директен маркетинг.
Доколку се појави потреба за обработка на дополнителни податоци, ВИНЕР ЛАЈФ ќе го информира клиентот на лични податоци и онаму каде што е неопходно ќе ја побара неговата согласност за таа дополнителна обработка.

**Точност на личните податоци**

Давањето на вистински, точни и целосни податоци, како и благовремено известување за измените на личните податоци е законска и договорна обврска на клиентите и истото претставува неопходен услов за склучување на договорите за осигурување на живот (полиси), како и за исполнување на правата и обврските што произлегуваат од договорите за осигурување на живот, при оценување на осигурителното покритие и степенот на оштета. Неточни нецелосни податоци може да има за последица неможност за склучување на договорите за осигурување на живот (полиси), несоодветно оценување на осигурително покритие или степен на оштета или пак неисполнување на обврските од договорот за осигурување на живот.

ВИНЕР ЛАЈФ планира и спроведува разумни мерки за потврдување на точноста, исправка и/или бришење на неточните или некомплетните лични податоци. Покрај мерките кои ги презема ВИНЕР ЛАЈФ, секој клиент има право да побара исправка, измена или бришење на неговите лични податоци на лесен и едноставен начин. ВИНЕР ЛАЈФ има должност да: направи исправка на личните податоци во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето за исправка или од денот кога е констатирана неточност на личните податоци; да ги избрише податоците за кои клиентот барал бришење во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето, во случај кога не постои законска обврска за чување на тие податоци од страна на ВИНЕР ЛАЈФ.

**Ограничување на роковите на обработка на личните податоци**

Личните податоци се чуваат согласно роковите дефинирани во релевантен закон, договор или согласност: Закон за супервизија на осигурување, Закон за облигационите односи, договор за осигурување на живот (полиса), како и согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг
По изминувањето на роковите или по исполнување на целта за обработката, личните податоци се бришат од соодветната збирка.

**Интегритет и доверливост на личните податоци**

ВИНЕР ЛАЈФ презема соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, незаконско откривање и уништување на податоците. Пристапот до личните податоци е ограничен на лицата на кои им е издадено посебно овластување за обработка на лични податоци. Деталниот опис на технички и организациски

мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци на ВИНЕР ЛАЈФ е прикажан во Политиката со опис на техничките и организациските мерки на информацискиот систем на ВИНЕР ЛАЈФ.

**Отчетност**

ВИНЕР ЛАЈФ ја демонстрира усогласеноста со сите претходно наведени начела согласно новото начело на отчетност. Имено, ВИНЕР ЛАЈФ обезбедува докази и демонстрира дека се преземени сите потребни мерки за спроведување на начелата во пракса, односно дека има капацитет да ги исполнува законските барања.

## 5. Кои се целите за обработка на Вашите лични податоци?

ВИНЕР ЛАЈФ ја почитува Вашата приватност и ги собира, обработува и чува личните податоци законито, транспарентно и правично, а притоа, обработката е ограничена само на оние лични податоци што се неопходни за исполнување на целта заради која се обработуваат.

ВИНЕР ЛАЈФ ја врши обработката на Вашите лични податоци за следните цели:

- **Во збирката на клиенти, збирката на подносители на барање за надомест на штета и збирката на податоци за оценување на осигурително покритие и степен на оштета** – склучување и остварување на права и обврски од договор за осигурување на живот,
- **Во збирката на должници** – наплата на долг кој произлегува од договор за осигурување на живот,
- **Во збирката на клиенти кои дале согласност за директен маркетинг** – вршење на директен маркетинг (промоција на услуги и продукти на ВИНЕР ЛАЈФ).

## 6. Кои се правните основи за обработка на Вашите лични податоци?

Правни основи за обработка на Вашите лични податоци се:

- **За збирката на клиенти, збирката на подносители на барање за надомест на штета, збирката на податоци за оценување на осигурително покритие и степен на оштета и збирката на должници** – исполнување на договорна обврска од договор за осигурување на живот
  законска основа: Закон за супервизија на осигурување и Закон за облигациони односи,
- **За збирката на клиенти кои дале согласност за директен маркетинг** – согласност за вршење на директен маркетинг (известување и промоција на услуги и продукти на ВИНЕР ЛАЈФ).

Во случај кога обработката на Вашите лични податоци се врши заради исполнување на законска или договорна обврска, не е потребна Ваша согласност за обработка на податоците.

Врз основа на Ваша согласност ги обработуваме Вашите лични податоци за цели на директен маркетинг (доставување на рекламни содржини, промоции, понуди на производи

и услуги). Вие немате обврска да дадете согласност за вршење на директен маркетинг, а доколку ја дадете согласноста може да ја повлечете во кое било време.

ВИНЕР ЛАЈФ целосно го почитува начелото на минимален обем на податоци и ги собира само оние податоци кои се потребни, релевантни и ограничени за исполнување на целта заради која се обработуваат.

## 7. Кој има пристап до Вашите лични податоци?

Во зависност од Збирката на лични податоци за која се собираат Вашите лични податоци, пристап до Вашите лични податоци може да имаат:

- Вработени или ангажирани лица во ВИНЕР ЛАЈФ кои се овластени да пристапуваат до Вашите лични податоци и само до степен потребен за извршување на работните задачи;
- Вработени или ангажирани лица кај обработувачи* кои во име на ВИНЕР ЛАЈФ вршат обработка на лични податоци, врз основа на Договор за обработка на лични податоци;
- Секоја јавна институција на која ВИНЕР ЛАЈФ е обврзана да и ги достави Вашите лични податоци, како законска или договорна обврска;
- Во одредени исклучителни ситуации, заради исполнување на законски обврски, пристап до Вашите лични податоци може да имаат и судови и други органи за спроведување на законот, регулаторни тела или правни застапници.

* Во својство на контролор на лични податоци, ВИНЕР ЛАЈФ дава лични податоци на обработувачи кои ги обработуваат личните податоци во негово име, при што ВИНЕР ЛАЈФ ги обврзува обработувачите со Договор за безбедна обработка на лични податоци.

## 8. Кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас?

ВИНЕР ЛАЈФ ги обработува личните податоци кои се определени со закон. Кога правна основа за обработка на Вашите лични податоци е договор или согласност, целосно го почитуваме принципот на минимален обем на податоци и ги собираме само оние податоци што се неопходни, релевантни и ограничени на целите за кои се обработуваат.

### 8.1. За клиентите:

| |
|---|
| Име и презиме |
| ЕМБГ |
| Постојана или привремена адреса на живеење |
| Податоци за контакт: телефонски број и електронска адреса |
| Датум на раѓање |
| Место на раѓање |
| Број на патна исправа |

### Посебни категории на лични податоци

| |
|---|
| Податоци за здравствената состојба (здравствен прашалник)<br>Кривични дела и прекршоци во врска со настанатата штета (доколку има) |

### 8.2. За подносителите на барање за надомест на штета:

| |
|---|
| Име и презиме |
| ЕМБГ |
| Постојана или привремена адреса на живеење |
| Податоци за контакт: телефонски број и електронска адреса |
| Број на возачка дозвола |
| Број на трансакциска сметка |
| Пензионирање |

### Посебни категории на лични податоци

| |
|---|
| Краткотрајни повреди и здравствена состојба, вид на физичка повреда, времетраење на третман |
| Преквалификација и степен на инвалидитет на осигураното лице или на подносителот на барањето за надомест на штета |

### 8.3. За оценка на осигурително покритие и степен на оштета ги обработуваме следните категории на лични податоци:

| |
|---|
| Име и презиме |
| ЕМБГ |
| Постојана или привремена адреса на живеење |
| Податоци за контакт: телефонски број и електронска адреса |
| Број на возачка дозвола |
| Број на трансакциска сметка |

### Посебни категории на лични податоци

| |
|---|
| Краткотрајни повреди и здравствена состојба, вид на физичка повреда, времетраење на третман |
| Преквалификација и степен на инвалидитет на осигураното лице или на подносителот на барањето за надомест на штета |

### 8.4. За должниците:

| |
|---|
| Име и презиме |
| ЕМБГ |
| Постојана или привремена адреса на живеење |
| Податоци за контакт: телефонски број и електронска адреса |
| Број на трансакциска сметка |

### 8.5. За клиентите кои дале согласност за директен маркетинг:

| |
|---|
| Име и презиме |
| Податоци за контакт: телефонски број или електронска адреса |
| Постојана или привремена адреса на живеење |

*Здравствени податоци односно личните податоци кои се однесуваат на здравјето на клиентот се посебна категорија на лични податоци во согласност со ЗЗЛП, поради што уживаат посебна заштита, односно подлежат на построг режим на заштита.
ВИНЕР ЛАЈФ воспоставува заштитни мерки за обработка и чување на здравствените податоци
Обработката на здравствените податоци е пропорционална со природата и висината на ризикот кој се разгледува.
Само овластено лице може да има пристап до здравствените податоци на конкретниот клиент врз основа на издадено посебно овластување за пристап и обработка на здравствени податоци на клиентот.

## 9. Како ги чуваме Вашите лични податоци?

ВИНЕР ЛАЈФ ги обработува Вашите лични податоци во согласност со одредбите на ЗЗЛП.

Воедно, нашите вработени се обврзани да работат во согласност со интерните акти за заштита на лични податоци, а и давателите на услуги имаат иста обврска, врз основа на договор за обработка на лични податоци. Секое лице кое има пристап до Вашите лични податоци, без разлика дали е овластено вработено лице во ВИНЕР ЛАЈФ или е вработено лице во друштво ангажирано од страна на ВИНЕР ЛАЈФ како обработувач на лични податоци, е обврзано да ја заштитува тајноста на податоците и да постапува според упатствата на ВИНЕР ЛАЈФ во согласност со важечките законски прописи за заштита на личните податоци.

Само лицата кои се овластени од страна на ВИНЕР ЛАЈФ, имаат право да пристапат до Вашите лични податоци, до степен потребен за извршување на нивните работни задачи или ангажман, а согласно издадените овластувања за вршење на обработка на личните податоци.

Секое овластено лице кое има пристап до Вашите лични податоци потпишува изјава со која се обврзува на тајност и заштита на личните податоци при нивната обработка.

Притоа, се применуваат најсовремените технички и организациски мерки согласно прописите за заштита на личните податоци што важат во Република Северна Македонија, за заштита на податоците од неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотреба на сите нивоа на извршување на работите. Личните податоци кои се обработуваат од страна на ВИНЕР ЛАЈФ се чуваат на сервери кој се наоѓаат во зградата каде се наоѓа седиштето на ВИНЕР ЛАЈФ.

Ниту ВИНЕР ЛАЈФ, ниту обработувачите, нема да ги проследат Вашите податоци на користење на трети страни, освен ако за тоа има согласност од Ваша страна или постои законска обврска.

## 10. Дали вршиме пренос на лични податоци?

Иако ВИНЕР ЛАЈФ е дел од Групацијата ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП Виена (ВИГ), не се врши пренос на личните податоци на клиентите во ВИГ како матично друштво.

## 11. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?

Вашите лични податоци ги чуваме во рокови пропишани со закон и со нашите интерни акти, во временски период колку што е потребно за да се исполнат соодветните цели.

Вашите лични податоци нема да бидат зачувани во форма и/или облик што дозволува да бидете идентификувани подолго отколку што е потребно за да се постигне целта за која се собрани или обработувани.

- Личните податоци на клиентите, како и на подносителите на барање за надомест на штета и податоците за оценка на осигурителното покритие и степенот на оштета се чуваат во текот на целото времетраење на договорот за осигурување на живот и 10 години по престанокот на важење на договорот, или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настаната штета согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
- Личните податоци кои се обработуваат за статистички цели, заради следење на ризикот во текот на траење на осигурувањето на живот, процена на ризикот при обновување или склучување на идни договори за осигурување на живот, се чуваат во текот на целото времетраење на договорот за осигурување на живот и 10 години по престанокот на важење на договорот.
- Личните податоци кои се обработуваат при испитување на задоволството на клиентот во тек на траење на договорот за осигурување, се чуваат во текот на целото времетраење на договорот за осигурување и 5 години по престанокот на важење на договорот.
- Личните податоци на должниците се чуваат во рок од 5 години по наплата на долгот,
- Личните податоци на клиентите кои дале согласност за директен маркетинг (известување и промоција на производи и услуги) се чуваат до повлекување на согласноста.

По истекот на роковите за чување, личните податоци се бришат од информацискиот систем на ВИНЕР ЛАЈФ и/или од серверите на даватели на услуги, односно се уништува хартиената документација.

## 12. Кои се Вашите права?

Под одредени услови утврдени со закон, имате право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, преносливост на Вашите лични податоци, право на приговор и право на повлекување на согласноста. Овие Ваши права произлегуваат од ЗЗЛП.

| | | |
|---|---|---|
| **Право на информирање** (член 17 и 18 од ЗЗЛП) | Имаме обврска да Ве информираме кои податоци ги собираме за Вас, за кои цели ги обработуваме, колку долго ги чуваме и дали ги откриваме на трети страни.<br><br>Оваа информација е објавена на веб страницата на ВИНЕР ЛАЈФ. | Рок на постапување: Во моментот кога ќе отпочнеме со обработка на Вашите лични податоци |
| **Право на пристап** (член 19 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, имаме обврска да Ви дадеме детална информација за податоците што ги обработуваме за Вас.<br>Формуларот на Барањето за пристап до лични податоци е објавен на Барања и формулари за полиси - Winner Life | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци. |
| **Право на исправка** (член 20 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ги исправиме или дополниме Вашите неточни или непотполни податоци.<br>Формуларот на Барањето за исправка на личните податоци е објавен на Барања и формулари за полиси - Winner Life | Рок за постапување: 15 дена од денот на поднесување на барањето. |
| **Право на бришење** (член 21 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ги избришеме податоците: ако е исполнета целта заради која биле обработувани; ако сте ја повлекле согласноста за обработка; ако податоците биле незаконски обработувани; ако приговарате на обработката или заради почитување на законската обврска за бришење на податоците кога веќе не постои правна основа за обработка.<br>Формуларот на Барањето за бришење на личните податоци е објавен на Барања и формулари за полиси - Winner Life | Рок на постапување: 30 дена од денот на поднесување на барањето. |
| **Право на ограничување на обработката** (член 22 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ја ограничиме обработката на личните податоци: ако ја оспорувате точноста на личните податоци, во периодот додека не ја потврдиме нивната точност; ако | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е |

| | | |
|---|---|---|
| | сметате дека обработката е незаконита, но се спротивставувате на бришењето или ако податоците ви се потребни за остварување на правни барања.<br>Формуларот на Барањето за ограничување на обработката на личните податоци е објавен на Барања и формулари за полиси - Winner Life | комплексно барањето, три месеци. |
| **Право на преносливост на податоците**<br>(член 24 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе Ви ги пренесеме личните податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат. Ова право е применливо кога се врши обработка на лични податоци врз основа на согласност или договор и кога обработката се врши со автоматизирани средства.<br>Формуларот на Барањето за преносливост на личните податоци е објавен на<br>Барања и формулари за полиси - Winner Life | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци. |
| **Право на приговор**<br>(член 25 од ЗЗЛП) | Врз основа на Ваш приговор, ќе ја запреме обработката на податоците ако правна основа за нивна обработка е нашиот легитимен интерес или сме вршеле нивна обработка за цели на научни или историски истражувања или статистички цели, под услов ако вашето право на приватност преовладува над нашите интереси и цели.<br>Формуларот на приговорот е објавен на<br>Барања и формулари за полиси - Winner Life | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци. |
| **Право на повлекување на согласноста**<br>(член 11 од ЗЗЛП) | Кога правна основа за обработка на Вашите лични податоци е согласноста, на Ваше барање ќе престанеме да вршиме нивна обработка.<br>Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно. | Рок за постапување: веднаш. |

| | | |
|---|---|---|
| | Формуларот на Барањето за повлекување на согласноста за вршење на директен маркетинг е објавен на: [Барања и формулари за полиси - Winner Life](#) Повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката која се вршела врз основа на согласноста пред отповикувањето. | |

За остварување на Вашите права, како и за прашања во врска со обработката на Вашите лични податоци, Ве молиме пополнете го соодветниот формулар и испратете го на е-маил zoran.zdravkovski@winnerlife.mk

### Формулар 1 Барање за пристап до лични податоци

Винер лајф_Барање
за пристап до лични

### Формулар 2 Барање за исправка на лични податоци

Винер лајф_Барање
за исправка на личн

### Формулар 3 Барање за бришење на лични податоци

Винер лајф_Барање
за бришење на личн

### Формулар 4 Барање за ограничување на обработката на личните податоци

Винер лајф_Барање
за ограничување на

### Формулар 5 Барање за преносливост на личните податоци

Винер лајф_Барање
за преносливост на л

**Формулар 6 Приговор**

Винер лајф_Приговор.docx

**Формулар 7 Барање за повлекување на согласноста за обработка на лични податоци**

Винер лајф_Барање за повлекување на с

## 13. Надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци

Агенцијата за заштита на личните податоци е надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија

бул. „Гоце Делчев" бр. 18 Скопје

Телефон: 389 2 323 0635

Е-маил: info@privacy.mk

Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци од страна на ВИНЕР ЛАЈФ, не е во согласност со одредбите на ЗЗЛП или пак сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање пред Агенцијата за заштита на личните податоци, согласно член 97 од ЗЗЛП.

Барањето можете да го преземете на следниот линк:

https://www.dzlp.mk/sites/default/files/u4/baranje_za_utvrduvanje_na_prekrsuvanje_na_zzlp.docx